Република Северна Македонија
Државен просветен инспекторат

Даночен број: 4028004139891
ЕМБС: 5895138
Жиро с-ка: 160016005460310
Депонент: Народна Банка на РМ
Е маил: international@unite.edu.mk
Тел/факс: 044/ 356-500

Република Северна Македонија

Државен просветен инспекторат

Бр. 09 - 1629
10.06. 2019 год.

ул. Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. (02) 3140 103
Е-пошта: dpi@mon.gov.mk
Веб страна: www.dpi.mon.gov.mk

**З А П И С Н И К**
**Од извршениот вонреден инспекциски надзор на Универзитет во Тетово, извршен на ден 06.06.2019 година**

Инспекцискиот надзор се изврши врз основа на член 2 став 2 и член 9 точка 18 и член 21 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр.52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18), членовите 166, 167, 168, 169, 170, 171, 172, 173, 174, 175, 176 и 206 став 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" 82/2018), како и по задолжението на Директорот на Државниот просветен инспекторат заведен под бр. 09-468/1 од 05.06.2019 година, а во однос на утврдување на целокупната постапка за избор во наставно – научни звања на д-р Арбр Адеми на Универзитетот во Тетово.

**Инспекцискиот надзор го извршија:**
1. **Африм Саљиу –** Раководител на сектор за инспекциски надзор – Главен инспектор,
2. **Христина Јовановска –** Советник -Државен просветен инспектор,
3. **Даниела Кировска –** Советник - Државен просветен инспектор.

**Инспекцискиот надзор се изврши во присуство на:**
1. **Адем Беадини –** Генерален секретар на универзитетот,
2. **Флоријан Месими** - референт.

**КОНСТАТИРАНА СОСТОЈБА**

На Универзитетот во Тетово се изврши надзор над спроведените постапки за избор на наставно-научно звање, согласно член 206 став 3 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018), кој гласи: „Државниот просветен инспекторат може да врши надзор над законитоста на постапките за избор во наставни, наставно-научни и соработнички звања и над исполнетоста на условите за избор во звање и да покрене постапка пред надлежен суд најдоцна во рок од 5 години од денот кога е извршен изборот."

По разгледување на целокупната документација и извршениот службен разговор со одговорните лица на Универзитетот во Тетово, Раководителот на сектор за инспекциски надзор – главен инспектор и Советниците, Државни просветни инспектори при Државниот просветен инспекторат ја утврдија следната состојба во спроведената постапка за избор во наставно-научни звања и тоа кај следното лице:

**Д-р Арбр Адеми**

- На ден 09.07.2010 година Сенатот на Државниот универзитет во Тетово има донесено Одлука бр. 02-3354/1 од 09.07.2010 година со кое д-р Арбр Адеми се избира во соработничко звање **Помлад асистент,** по предметите: Трговско право, Меѓународно приватно право и Деловно право на Правниот факултет при Државниот Универзитет во Тетово. Изборот е извршен врз основа на член 132 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), член 97, 168 и 258 од Статутот на ДУТ Тетово.
- Ректорската управа на Универзитетот во Тетово на својата седница одржана на ден 03.02.2017 година има донесено Одлука бр. 04-475/1 од 15.02.2017 година со кое д-р Арбр Адеми се избира во наставно-научно звање **Доцент,** по предметите: Меѓународно приватно право и Арбитражно право на Правниот факултет при Универзитетот во Тетово. Изборот е извршен врз основа на член 132 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Статутот на УТ Тетово, како и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и асистенти – докторанди на Универзитетот во Тетово.

При проверка на персоналното досие на доц. д-р Арбр Адеми најдени се документи за завршено соодветно високо образование и тоа:

- Диплома за завршени додипломски студии бр. 12-66-04/977 од 29.10.2008 година за стекнат стручен назив дипломиран правник издадено од ДУТ во Тетово, со среден просечен успех 9,74.
- Уверение за завршени постдипломски (втор циклус) студии со здобиен научен степен Мастер по правни науки – граѓанска насока бр. 12-2326/1 од 26.05.2010 година, издадено од ДУТ – Тетово, со просечен успех 9,85.
- Диплома за завршени докторски (трет циклус) студии за стекнат научен степен доктор по граѓанско право/меѓународно приватно право и трговско право, со бр. 1306 од 17.04.2016 година, издадено од Универзитетот во Тирана, Република Албанија.

- Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство УП1 бр.15-1058 од 23.05.2016 година, со кое му се признава дипломата бр. 1306 од 17.04.2016 година на име Арбр Адеми како документ за завршен трет циклус докторски студии и стекнат научен степен Доктор на правни науки, издадено од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Во досието на д-р Арбр Адеми најдени се и документи за именување на функција како член на Владата на Република Македонија и тоа:
- Список на одјавени лица на ДУТ Тетово со датум од 04.04.2016 година, со кое на лицето Арбр Адеми му мирува работниот однос со решение бр. 02-1262/1 од 13.04.2016 година. Истиот е адресиран до Агенцијата за вработување на Република Македонија.
- Решение бр. 02-1262/1 од 13.04.2016 година за мирување на работниот однос на м-р Арбр Адеми, сметано од 04.04.2016 година, поради именување на функција министер без ресор во Владата на Република Македонија.
- Склучен договор за интелектуални услуги бр. 04/1549/1 од 05.04.2016 година, помеѓу Арбр Адеми и ДУТ - Тетово за изведување на настава, испити, вежби и други интелектуални услуги во летниот семестар во академската 2015/16 година. Во членот 3 од договорот за извршената услуга во местото за исплатен надоместок, како авторски хонорар нема податок, односно истото е празно (------).
- Склучен договор за интелектуални услуги бр. 04/153/1 од 15.09.2016 година помеѓу Арбр Адеми и ДУТ - Тетово за изведување на настава, испити, вежби и други интелектуални услуги во зимски семестар на академската 2016/17 година. Во членот 3 од договорот за извршената услуга во местото за исплатен надоместок, како авторски хонорар нема податок, односно истото е празно (------).
- Склучен договор за интелектуални услуги бр.04/153/2 од 01.02.2017 година помеѓу Арбр Адеми и ДУТ - Тетово за изведување на настава, испити, вежби и други интелектуални услуги во летен семестар на академската 2016/17 година. Во членот 3 од договорот за извршената услуга во местото за исплатен надоместок, како авторски хонорар нема податок, односно истото е празно (------).
- Решение бр.02-1766/1 од 08.06.2017 година донесен од Ректорот на Универзитетот во Тетово, со кое на лицето доц. д-р Арбр Адеми му се продолжува Договорот за вработување како доцент на Правен факултет при УТ Тетово. Во членот 2 од договорот се наведува дека: „договорот за вработување се продолжува од 31.05.2017 година“.
- Склучен договор за интелектуални услуги бр.04-573/1 од 23.11.2017 година помеѓу Арбр Адеми и ДУТ - Тетово за изведување на настава, испити, вежби, консултации и други интелектуални услуги во зимски семестар во академската 2017/18 година. Во членот 3 од договорот за извршената услуга во местото за исплатен надоместок, како авторски хонорар нема податок, односно истото е празно (------).

- Решение бр.02-4821/1 од 28.12.2017 година за мирување на работниот однос на д-р Арбр Адеми, сметано од 24.12.2017 година, поради именување на функција заменик министер за образование и наука во Владата на Република Македонија.
- Овластување бр.02-4826/1 од 28.12.2017 година за овластеното лице Садат Даути да го одјави лицето Арбр Адеми, а врз основа на решение бр.02-4821/1 од 28.12.2017 година, поради именување на функција, со датум на престанок на работниот однос од 24.12.2017 година.
- Склучен договор за интелектуални услуги бр.04-42/1 од 01.02.2018 година помеѓу Арбр Адеми и ДУТ - Тетово за изведување на настава, испити, вежби и други интелектуални услуги во летниот семестар во академската 2017/18 година. Во членот 3 од договорот за извршената услуга во местото за исплатен надоместок, како авторски хонорар нема податок, односно истото е празно (------).
- Одлука бр.08-3612/1 од 01.06.2018 година на Собранието на Република Македонија за избор на д-р Арбр Адеми за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и наука.
- Решение бр.02-2408/1 од 05.06.2018 година за продолжување на мирувањето на работниот однос на д-р Арбр Адеми, поради именување на функција Министер за образование и наука во Владата на Република Македонија.

Согласно член 125 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16) кој гласи: „За доцент може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или научни труда во научно списание со импакт фактор кои се од соодветната област во базата на Web of Science во последните пет години, кои носат вкупно најмалку десет бода, согласно член 95-а став 6 од овој закон, како и постигнувања во примената на истражувачките резултати и способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата.“ Од приложената документација за лицето д-р Арбр Адеми може да се констатира дека предвидените услови за избор во звање доцент на Правниот факултет при Универзитетот во Тетово се исполнети.

Во делот Избор во звање по истекот на времето за кое е извршен изборот, членот 135 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), гласи:

„Најдоцна шест месеца пред истекот на времето за кое е извршен изборот во наставно-научно, научно и наставно звање, односно соработничко звање, ректорот, деканот, односно директорот распишува конкурс за избор во сите наставно-научни, научни и наставни звања.

При изборот од ставот 1 на овој член се применуваат одредбите од овој закон за избор во наставно-научни, научни и наставни звања.

Времето за распишување на конкурсот од ставот 1 на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од шест месеца, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон.“

За лицето д-р Арбр Адеми во конкретниот случај не станува збор за избор во звање по истекот на времето за кое е извршен изборот туку се работи за избор во звање за кое биле исполнети условите согласно член 125 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), а кое во конкретниот случај не е поврзан со рокот утврден во член 135 од истиот закон. Имено, ваквата можност за стекнување на звање доцент би ја имале сите лица кои ги исполнуваат условите согласно член 125 став 2 без оглед на тоа дали се работи за избор во звање по истекот на времето за кое е извршен изборот или пред истекот на времето за кое се врши или за кое е извршен изборот.

Со законска одредба од членот 135 ставот 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16) се утврдува можност за лицата избрани во соработничко или наставно-научно звање чиј работен однос е ставен во мирување заради породилно отсуство, боледување подолго од шест месеца или во други случаи утврдени со закон, доколку не ги исполниле условите за избор односно реизбор во соработничко или наставно-научно звање да го одложат времето за распишување на конкурс. Во случајот на д-р Арбр Адеми условите се исполнети за да биде избран во наставно-научно звање доцент, вклучително со самиот ден на стекнување со академски степен доктор на науки од соодветната научна област, којшто тој во времето на распишување на конкурсот го има исполнето.

Имено не треба погрешно да се толкува членот 135 став 3 од претходниот Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15,

154/15, 30/16, 120/16 и 127/16) кога продолжувањето на времето за кое може да се распише конкурс за избор во звање (породилно, мирување и сл.) и да се поистоветува со мирувањето на избрани и именувани функционери. Конкретно, тука не се работи за мирување и продолжување на рокот за распишување на конкурс туку се работи за фактичка состојба во која кандидатот по докторирањето ги исполнува условите за избор во звање доцент што е нормално напредување во високото образование и кое напредување се остварува не во редовните рокови (шест месеци пред истекот на постоечкото звање), туку по докторирањето и исполнувањето на условите за избор во наставно научно звање доцент.

Во член 133 став 14 од претходниот Закон за високо образование („Службен весник на Република Македонија" бр. .35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), се наведува: „Лице избрано во наставно-научно звање или соработничко звање на кое му мирува работниот однос поради вршење на функција на избрано или именувано лице, може да изведува настава и да спроведува испити во деновите петок, сабота и недела, не може да биде ментор или член на комисија за оценка или одбрана на магистерски труд и докторска дисертација и не може да прима надоместок од високообразовната установа за извршена наставна, научно истражувачка или применувачка дејност, освен членовите на Одборот од став 2 на член 70 од овој закон кои професионално ја извршуваат својата функција во Одборот ".

Наведениот закон е вон сила од 08.05.2018 година кога е донесен новиот Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. бр.82/2018) каде во член 174 став 8 се наведува: „При мирување на работниот однос, лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање, има право да врши високообразовна дејност на прв циклус на студии без финансиски надомест."

Во член 174 став 9 од истиот закон се наведува: „Лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно или наставно звање, на кое му мирува работниот однос, има право да држи предавања и да биде ментор на втор и трет циклус на студии, како и да врши други активности од високообразовната дејност."

Со оглед на тоа дека на денот на извршениот вонреден инспекциски надзор не е во сила претходниот Закон за високо образование („Службен весник на Република Македонија" бр. бр.35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), поради што не може да се применуват одредбите од тој закон кој е вон сила, така да инспекцискиот надзор се изврши врз основа на постоечкиот Закон

за високо образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018) кој е во сила, при што земени се во предвид одредбите од овој закон.

Од увидот во документацијата се констатира дека според Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија" бр. бр.35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16) кој веќе не е во сила, но во периодот во кој е извршен изборот бил во сила, и според кој бил извршен изборот на д-р Арбр Адеми во доцент, како и според постојниот Закон за високо образонаие („Службен весник на Република Македонија" бр. бр.82/2018) кој е во сила во време на вршење на надзорот, д-р Арбр Адеми можел да биде избран во звањето доцент.

Записникот е составен во просториите на Државниот просветен инспекторат по разгледување и обработка на целокупната документација која што беше побарана и доставена на увид на денот на надзорот.

Раководител на сектор за
инспекциски надзор
Главен инспектор
Африм Саљиу

Советник
Државен просветен инспектор
Христина Јовановска

Советник
Државен просветен инспектор
Даниела Кировска

Доставено до:
- ДПИ,
- Универзитет во Тетово - Тетово,
- Архива.